Врз основа на член 18 став 1 алинеја 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а во согласност со член 21 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14) и член 15 став 1 алинеја 16 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014, а во врска со Одлуката за објавување на јавен конкурс за избор на директор на Агенцијата бр.04-4426/1 од 05.09.2014 година и Заклучокот на Советот бр.02-4845/2 од 07.10.2014 година, на 12-та седница одржана на 07.10.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. За директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се избира д-р Зоран Трајчевски.

2. Мандатот на директорот на Агенцијата е 7 (седум) години.

3. Директорот на Агенцијата е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време, почнувајќи од 07.10.2014 година.

4. За оваа Одлука да се известат сите кандидати кои се пријавиле на Јавниот конкурс за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во весниците „Нова Македонија“ на 06.09.2014 година и во „Коха“ на 06.09.2014 година, согласно член 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14).

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

6. Примерок од Одлуката да се достави до:
- Именуваниот;
- Раководителот на Стручната служба на Агенцијата;
- Секторот за економско – финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива;

Бр. 04-4874/1
07.10. 2014 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ